РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр. 03-175

09.01 2015 година

С к о п ј е

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14) и Извештајот од вонредниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Алсат - М ДОО Скопје, емитуван на 30 декември 2014 година, 5 и 6 јануари 2015 година, бр.10-243/2 од 09.01.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради емитување реклами и телешопинг во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути, од страна на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 09.01.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, заради извршена повреда на член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), односно поради емитување рекламирање во епизоди од играната програма за деца „Мири", чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, датум на емитување, времетраење на епизодата - почеток и крај, рекламни блокови и опис на прекршување) во Извештајот од вонредниот надзор врз програмскиот сервис на ТРД Алсат - М ДОО Скопје, емитуван на 30 декември 2014 година, 5 и 6 јануари 2015 година, бр.10-243/2 од 09.01.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по Решението.

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за програмски работи, на 9 јануари 2015 година, изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на ТРД Алсат-М ДОО Скопје, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека спротивно на член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на ТРД Алсат - М ДОО Скопје, на 30 декември 2014 година, 5 и 6 јануари 2015 година во одредени епизоди од серијалот за деца „Мири", што траат еднакво или пократко од 30 минути, емитувани се рекламни спотови.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, датум на емитување, времетраење на епизодата, почеток и крај, рекламни блокови и опис на прекршување) во Извештајот од вонредниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Алсат - М ДОО Скопје, емитуван на 30 декември 2014 година, 5 и 6 јануари 2015 година, бр.10-243/2 од 09.01.2015 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот од вонредниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Алсат - М ДОО Скопје, емитуван на 30 декември 2014 година, 5 и 6 јануари 2015 година, бр.10-243/2 од 09.01.2015 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје се презема мерка – опомена, и му се наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештајот од вонредниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Алсат - М ДОО Скопје, емитуван на 30 декември 2014 година, 5 и 6 јануари 2015 година бр.10-243/2 од 09.01.2015 година

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.